20140100270

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013 и 91/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 24 декември 2013 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативната здравствена заштита - амбулантски („Службен весник на Република Македонија“ број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012 и 88/2013), во член 2, во табелата со поднаслов - Респираторни пакети, по услугата АРП11 се додава следната табела:

Шифра	Назив на пакет	Референтна цена
АРП12	Издавање на нов концентратор за домашна оксигенска терапија за болни од хронична опструктивна болест на дишните патишта	33.600

Во табелата со поднаслов Пакети за здравствени услуги за спортска медицина (физиологија), по услугата ФЗЛ2 се додава следната табела:

Шифра	Назив на пакет	Референтна цена
ФЗЛ3	Електромиографија (ЕМГ) на гравиден утерус	500

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-20111/1
30 декември 2013 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ангел Митевски, с.р.